ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА

ЈАВНО РАДИОДИФУЗНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА
Бр. 01-6069/1
10 12 2021 год.
СКОПЈЕ

# ПРАВИЛА

# ЗА НАЦИОНАЛЕН ИЗБОР ЗА ПЕСНА И ПРЕТСТАВНИК

# НА ИЗБОР ЗА ПЕСНА НА ЕВРОВИЗИЈА 2022

Скопје, декември 2021

1. УЧЕСТВО И ЦЕЛ

2. НАДЛЕЖНИ ОРГАНИ

3. ОДРЕДБИ ЗА УЧЕСТВО

3.1 ОДРЕДБИ ЗА УЧЕСТВО - КОНКУРС

3.2 ДРУГИ ОДРЕДБИ ЗА УЧЕСТВО

3.3 ПОСТАПКА И НАЧИН НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ

4. ПРАВА НА РАДИОДИФУЗЕРОТ - НОСИТЕЛ НА ЛИЦЕНЦАТА

5. ОБВРСКИ НА РАДИОДИФУЗЕРОТ - НОСИТЕЛ НА ЛИЦЕНЦАТА

6. ЕТИЧКИ НОРМИ ЗА УЧЕСНИЦИТЕ И АВТОРСКИТЕ ТИМОВИ

## 1. УЧЕСТВО И ЦЕЛ

Целта на одржување на Националниот избор за песна и претставник со кој Македонската Радио Телевизија (во понатамошен текст – МРТ) и Р.Северна Македонија ќе се претстават на Изборот за песна на Евровизија во Торино, Италија, е промоција и афирмација на нови, иновативни и креативни музички решенија, како и можност за транспарентен избор на песна и претставник со кои нашата земја ќе биде претставена пред европската и светска јавност .

## 2. НАДЛЕЖНИ ОРГАНИ И ТЕЛА

- Носител на лиценцата – МРТ

- Директор на МРТ

- Носител на проектот – Македонска Телевизија – Прв програмски сервис - МТВ 1

- Работна група која ќе работи на проектот - ја избира Програмскиот колегиум на МТВ 1, а во неговиот состав се: Координатор на проектот (Шеф на делегација) , Асистент и заменик на координаторот, Шеф на прес, членови на работната група.

**Член 1**

Со овие праила се уредува постапката за избор на композициите кои ќе бидат избрани по пат на јавен конкурс, за натпревар во Нациоанлниот избор на песна и претставник

на Изборот за песна на Евровизија 2022, кој ќе се одржи во мај 2022 во Торино, Италија (во понатамошен текст – ЕВРОСОНГ 2022).

Изборот ќе се врши на транспарентен начин со формирање на стручна комисија од страна на Програмскиот колегиум на МРТ1, која има за цел преслушување и избирање на композиции пристигнати на конкурсот, односно комплетни авторско - изведувачки тимови на композициите и тоа: автор на музика, автор на текст, аранжер, продуцент, и изведувач. Еден автор има право на учество во конкурсот во најмногу два авторски тима, односно во две композиции, додека изведувачите имаат право да учествуват во само една композиција. Бројот на изведувачи во една композиција не смее да надмине повеќе од шест (6) лица.

Композицијата ја пријавува изведувачот или еден од авторите (носител на авторскиот тим) со претходно обезбедена писмена согласност од сите останати автори во тимот.

Членовите на Работната група, како и членовите на стручната комисија, немаат право на учество во конкурсот.

**Член 2**

Изборот на Национален претставник и композиција за ЕВРОСОНГ 2022 се одржува во организација на МРТ. .

Изборот на национален претставник и композиција за ЕВРОСОНГ 2022 ќе биде со натпреварувачки карактер, а победничката композиција - победникот ќе се добие по пат на онлајн гласање, како и според гласањето на меѓународно стручно жири, во сооднос 50%-50%.

## 3. ОДРЕДБИ ЗА УЧЕСТВО

### 3.1 КОНКУРС

**КОНКУРС ЗА ИЗБОР НА НАЦИОНАЛЕН ПРЕТСТАВНИК И КОМПОЗИЦИЈА ШТО ЌЕ ЈА ПРЕТСТАВУВА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ИЗБОРОТ ЗА ПЕСНА НА ЕВРОВИЗИЈА 2022 ВО ТОРИНО, ИТАЛИЈА**

**Македонската Радио Телевизија објавува Конкурс за прием на нови, оригинални, необјавени, современи авторски композиции, од кои по пат на натпревар, ќе биде избран претставникот и композицијата со која Република Северна Македонија ќе се претстави на Изборот за Песна на Евровизија 2022 во Торино, Италија, во организација на Националниот сервис на Италија (RAI) и Европската Radиодифузна Унија (EBU).**

**Се поканувааат авторско-изведувачките тимови да ги достават своите финални музички предлози (комплетна аудиоснимка) и со својот креативен труд да**

учествуваат на конкурсот/натпреварот, за да се избере најдобрата песна-претставничка за Торино 2022.

Од сите пристигнати композиции на конкурсот, МРТ ќе ги избере најдобрите, но не повеќе од шест композиции. Избраните композиции ќе ѝ бидат јавно презентирани на публиката, која по пат на транспарентно гласање ќе учествува во изборот на нашиот претставник за Евросонг 2022. Резултатот од гласањето на публиката ќе обезбеди 50% од вкупните гласови, а преостанатите 50% ќе бидат обезбедени од меѓународно стручно жири.

Композицијата и авторско-изведувачкиот тим која ќе победи во натпреварот, од МРТ ќе добие износ од 2 000 евра, наменети за финална постпродукција и мастеринг на песната. Авторско-изведувачкиот тим на композицијата која ќе ја претставува Р.Северна Македонија, од МРТ ќе добие право на потпишување на Договор за лиценца со овластениот музички дистрибутер од ЕБУ (Universal Music), за проектот Избор за песна на Евровизија 2022.

Согласно со правилата на ЕБУ, предлог-композициите задолжително се во траење до најмногу 3 минути и во ниту еден случај не смеат да бидат претходно објавени или јавно изведени.

Право на учество на конкурсот имаат сите изведувачи и автори-државјани на Република Северна Македонија. Во авторско-изведувачкиот тим, право на учество имаат и автори вон нашата држава, додека изведувачите подлежат на обврската задолжително да се државјани на Република Северна Македонија.

Предлог-композициите се доставуваат на следната електронска адреса: eurosong.macedonia@gmail.com или на адреса: Македонска Радио Телевизија, бул.Гоце Делчев бр.18, 1000 Скопје, Р. Северна Македонија, со назнака „ЗА ЕВРОСОНГ 2022“.

Во прилог, доставете ги следните информации: 1) Имиња на авторско-изведувачкиот тим, 2) Кратка професионална биографија од авторите/учесниците, 3) Наслов на композицијата, 4) Текст на македонски или англиски јазик, 5) Контакт од членовите на авторско-изведувачкиот тим, 6) Релевантен линк од ваша интернет страница или некој од социјалните медиуми (Facebook, Twitter, итн).

Македонската Радио Телевизија како носител на лиценцата за Избор на Песна на Евровизија ќе формира релевантно стручно жири кое ќе има за цел - избор/селектирање на композициите кои ќе земат учество во националниот натпревар.

Членовите на авторско-изведувачките тимови на одбраните композиции кои ќе учествуваат во националниот натпревар, ќе бидат лично контактирани од МРТ, за понатамошно исполнување на процедурите за соработка и договори.

**МРТ својата финална одлука за избор на композициите кои ќе учествуваат во националниот натпревар, ќе ја објави на својата интернет страница по резултатите од работата на стручната жири-комисија.**

**МРТ го задржува правото на прво јавно изведување, правото на видеоснимање, радиодифузно емитување и реемитување на композициите кои ќе бидат избрани на конкурсот.**

**Македонската Радио Телевизија го задржува правото на нарачки на композиции.**

**Материјалите што нема да бидат избрани на овој конкурс, МРТ нема обврска да ги враќа на авторите.**

**Конкурсот за учество е отворен до 16.01.2022 година.**

---

### 3.2 ДРУГИ ОДРЕДБИ ЗА УЧЕСТВО

Задолжително е строго почитување на рокот за доставување на композициите.

МРТ и Работната група на проектот ЕВРОСОНГ 2022, го задржува правото на измени во текстот или мелодијата, а во согласност со авторскиот тим на победничката композиција, со цел да го издигне квалитетот на финалниот производ.

Во случај на виша сила, во договор со авторскиот тим, МРТ и Работната група на проектот ЕВРОСОНГ 2022, има право да го смени изведувачот и по започнувањето на постапката на реализација на проектот.

Изведувачите - учесниците на Националниот избор не смеат да бидат помлади од 16 години на денот на Првата полуфинална вечер на Евросонг на 10 мај 2022 година.

### 3.3 ПОСТАПКА И НАЧИН НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ

**Член 3**

Авторите и изведувачите на композициите кои ќе бидат одбрани за учество на националниот избор, мораат да ги исполнат следните услови:

1. Композициите треба да бидат во духот на современо мелодиско-ритмично и хармонско авторско дело и при тоа не смее да пропагира било каква форма на дискриминација, не смее да ги навредува честа, угледот, националната, верската, расната и половата припадност на било која личност , при тоа особено имајќи ги предвид дигнитетот и на МРТ и на граѓаните на Република Северна Македонија. По

оваа точка, надлежноста ја има стручната комисија за избор на композициите по основ на конкурсот.

2. Откако ќе се изберат композициите кои ќе учествуваат во националниот натпревар (не повеќе од 6), МРТ ќе обезбеди согласности од сите избрани авторско-изведувачки тимови за учество во проектот, вклучително и обврските кон ЕБУ во случај на победа на националниот избор..

3. Врз основ на селектираните композиции, Македонската Телевизија ќе изработи промотивни видео записи (lyric video) кои ќе бидат за прв пат јавно претставени на програмите на Македонска Телевизија и Македонското Радио.

4. По промоцијата на композициите, истите ќе бидат ставени на веб страната на МРТ, со можност за онлајн гласање од страна на публиката. Од една IP адреса ќе може да се гласа само еднаш за композицијата која најмногу му се допаѓа на гледачот/слушателот. Платформата за гласање ќе биде отворена 7 денови од денот на промоција на композициите, по што ќе го добиеме финалното рангирање на селектираните композиции.

5. Истите аудио-видео изданија ќе им бидат доставени и на 5-членото меѓународно стручно жири, кои индивидуално ќе ги рангираат селектираните композиции.

6. Добиените гласови од онлајн гласањето, како и од меѓународното стручно жири ќе бидат претворени во поени според евровизискиот принцип на гласање.

7. Во случај на изедначен број поени на две композиции, предност ќе има мислењето на меѓународното стручно жири.

8. По завршување на гласањето на публиката и на меѓународното стручно жири, ќе се избере победникот на домашниот избор, кој ќе ја претставува Република Северна Македонија на Изборот за песна на Евровизија 2022 во Торино, Италија.

## 4. ПРАВА НА РАДИОДИФУЗЕРОТ - МРТ

**Член 4**

Изведувачите и авторите на селектираните композиции, и го отстапуваат на МРТ правото на прво радиодифузно емитување, што значи дека по завршување на националниот избор, наведените композиции можат да се изведуваат лично или во аудио и видео формат на другите радио и ТВ станици, како и други медиум (интернет) и програми во земјата и во странство, освен ТВ и Радио материјалот што МРТ ќе го изработи за таа намена.

**Член 5**

Учесниците во националниот избор на селектираните композиции: авторите на музика, текст и аранжман, изведувачите и др.(во понатамошниот текст ДЕЛО) должни се да ги пренесат следните права на МРТ, а кои ќе и послужат на МРТ за понатамошно располагање за потребите на фестивалот Евросонг, односно ЕБУ:

1. Право на прво јавно изведување на делото во целост.

2. Право на директен пренос и снимање на изведбата на делото во склоп на музичка ТВ шоу програма или посебно (аудио и видео) во сопствено производство , или копродукција со трети лица со сите познати технички постапки или оние кои ќе се развијат во иднина, неограничено право на емитување на делото во рамките на фестивалот или посебно за други свои потреби, за сите свои ТВ и Радио програми преку земска, сателитска или кабелска телевизија, интернет, мобилна телефонија и др. во кој било технички стандард (аналоген, дигитален, ХД)

3. Неограничено право на користење на снимката од изведбата на делото (аудио и видео) со нелинеарен состав - он деманд (на барање) преку познати технички постапки или оние кои ќе се развијат во иднина преку земска, сателитска или кабелска телевизија, интернет, мобилна телефонија, мобилни приемници за прием и емитување на кој било вид на опрема (тв приемник, големи екрани, компјутерски програм, мобилни телефони, ринг тонови и др.) на кој било технички стандард (аналоген, дигитален, ХД) вклучувајки и интерактивен состав.

4. Право на ЕБУ за издавање и реиздавање на делото во склоп на фестивалот или компилација. во сопствено производство или во копродукција со други издавачи на носачи на звук и слика ( ЦД-а, ДВД-а и др.), право на печатење на делото во графичка форма.

5. Право на продажба на делото, односно на програмата (емисии) која ја содржи делото на РТВ организации или на трети лица во земјата и странство и право на размена на таквите програми со РТВ организации во земјата и странство.

6. Право на користење на инсерти од изведбата на делото на фестивалот во други аудиовизуелни дела и во ТВ и радио програми.

7. Право на преведување на делото преку тонска обработка или титлување на странски јазици.

8. Право на користење на делото во спонзорирани програми.

9. Неограничено право на емитување и комерцијално користење на ТВ снимките со делото, неограничено право на користење на снимката на делото,

10. Право на користење, репродукција, печатење и објавување на имиња, слики, глас, биографија и фотографии изработени за промоција на делото во врска со националниот избор, како и за самиот Избор за Песна на Евровизија 2022 на неограничено време.

11. Право на користење на делото за ринг-тонови, реални тонови, полифони мелодии и MP3 download на мобилни телефони.

12. Сите авторски права остануваат на авторите.

## 5. ОБВРСКИ НА РАДИОДИФУЗЕРОТ - МРТ

1. МРТ се обврзува да ги обезбеди сите технички услови за одржување на Изборот за национален претставник и композиција за ЕВРОСОНГ 2022

2. МРТ се обврзува да обезбеди ТВ студио за снимање и монтажа на селектираните композиции (не повеќе од 6) коишто ќе бидат избрани за учество Изборот за национален претставник и композиција за ЕВРОСОНГ 2022, кадешто ќе бидат снимени сите композиции со технички персонал што ќе го одреди МРТ.

3. МРТ како организатор на овој проект се обврзува да приреди телевизиско шоу на Првиот програмски сервис на МТВ и на програмите на МРА, со цел промотивно претставување на селектираните композиции и изведувачи, како и максимално да ги афирмира учесниците на нациоанлниот избор.

4. МРТ се обврзува дека ќе обезбеди квалитетна платформа за онлајн гласање на која ќе пристигнуваат гласовите од граѓаните на Република Северна Македонија, и тоа: од една IP адреса ќе може да се гласа само еднаш за една композиција.

5. МРТ не учествува во трошоците за гардероба на учесниците на Изборот за национален претставник и композиција за ЕВРОСОНГ 2022.

6. По извршената селекција Работната група на МРТ има обврска да ги запознае учесниците со правилата за учество во овој проект, како и со Правилата на ЕБУ за ЕВРОСОНГ 2022, а тие, со своерачен потпис треба да потврдат дека се запознати и ги разбираат истите. Во случај поединец или авторски тим, одбран во финалниот избор да не се согласи со одредбите напишани во Правилата за учество, се смета дека се откажал од учеството на Изборот за национален претставник и композиција за ЕВРОСОНГ 2022 . Рок на потпишување на согласност за учество е 48 часа.

7. МРТ се обврзува транспаретно да ги информира печатените и електронските медиуми за сите сегменти од овој проект, со исклучок на оние кои навлегуваат во деловните тајни на куќата.

8. МРТ се обврзува дека на свој трошок ќе им обезбеди пат и хотелско сместување на изведувачот/изведувачите на победничката композиција, како и настап на полуфиналната вечер на Изборот за песна на Евровизија 2022 на 10 или 12 мај, а во случај на пласман и во Финалето на 14 мај 2022 година.

9. Согласно финансиските можности, МРТ ќе учествува и во другите сегменти од реализација на проектот Избор за Песна на Евровизија 2022.

10. МРТ не ја исклучува можноста за склучување договор со трето лице за реализација на проектот Избор за Песна на Евровизија 2022.

## 6. ЕТИЧКИ НОРМИ ЗА УЧЕСНИЦИТЕ И АВТОРСКИТЕ ТИМОВИ

Сите страни инволвирани во Изборот за национален претставник и композиција за ЕВРОСОНГ 2022 треба да сторат сé што е во нивна моќ за да креираат тимска атмосфера и чувството за зедничка цел во контекст на точка 1 од Правилата за учество.

Сите форми на контакт меѓу инволвираните страни, вклучени во проектот треба да имаат фер карактеристики, без настојувања по секоја цена да се потенцираат евентуалните недостатоци на самиот проект или на настапот на некој од учесниците.

Секоја евентуална забелешка или предлог за подобрување на овој проект е добредојдена и може да биде упатена директно до Работната група на МРТ.

МРТ во секој момент ќе биде подготвена, согласно позитивната законска регулатива да ја санкционира секоја тенденција за нарушување на интегритетот на проектот Изборот за национален претставник и композиција за ЕВРОСОНГ 2022, како и самиот Избор за Песна на Евровизија 2022.

**Член 6**

Со земањето учество на Изборот за национален претставник и композиција за ЕВРОСОНГ 2022 авторите и изведувачите во целост ги прифаќаат овие Правила. МРТ ќе направи соодветни договори со авторите и изведувачите во согласност со овие Правила.

JPI